[redacted]

[redacted]

До
Општина Демир Хисар
Ул. „Битолска" бб,

7240 Демир Хисар

**Предмет: Барање за пристап до информации од јавен карактер** за потребите на Истражување за собирање/ ажурирање на податоците за постоечки сервиси за реинтеграција и рехабилитација на жени жртви на насилство и семејно насилство, обезбедени на локално ниво

Почитувани,

[redacted] спроведува базично истражување за собирање/ ажурирање на податоците за постоечки сервиси за реинтеграција и рехабилитација на жени жртви на насилство и семејно насилство, обезбедени на локално ниво.

За оваа цел ни се потребни определени информации од јавен карактер, а кои согласно член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Македонија бр. 13/06, 86/08, 6/10, 42/14, 148/15 и 55/16), вие треба да ни ги обезбедите.

Врз основа на ова, бараме одговор на долунаведените прашања како информации од јавен карактер.

1. Дали општината изработила и усвоила Програма за социјална заштита за 2019 година?

   - Доколку да, ве молиме испратете ни примерок од Програмата за 2019 година;

   - Дали е предвидена посебна парична помош или помош во натура за жртви на семејно насилство за 2019г.?

2. Дали општината изработила и усвоила други програми, правилници, стратегии и/или одлуки за помош и поддршка на жртви на семејно насилство во 2019г.?

   - Доколку да, ве молиме испратете ни примерок од соодветниот документ за 2019 година;

3. Дали општината воспоставила специјализиран сервис (шелтер центар, кризен центар, советувалиште за психосоцијална помош или бесплатна правна помош) за жени жртви на насилство и семејно насилство во 2019г. финансиран од буџет на општината?

[redacted]

- Доколку одговорот е да, каков сервис е воспоставен, кога е воспоставен и со каков буџет располага?

- Дали сервисот е воспоставен во соработка со граѓанска организација?

- Доколку одговорот е да со која граѓанска организација е воспоставен сервисот?

4. Каков вид на дополнителна поддршка е дадена од општината во насока на спречување и заштита од семејно насилство за 2019 година? (дополнителна поддршка од аспект на кампањи за превенција од семејно насилство, обуки, тренинзи и едукации, можности за вработување на жртви на семејно насилство).

   - Доколку да, набројте кои?

Ве молиме бараните податоци доставете ни ги поштенски во седиштето на [redacted] [redacted]је или по електронски пат на следнава e-mail адреса: [redacted]

Со почит,

[redacted]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општина Демир Хисар
-----------------------------------------
REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
Municipality of Demir Hisar

Бр. 09-250/3
24 .02.2019
Демир Хисар
Општина Демир Хисар
"Битолска" бб
7240 Демир Хисар
Demir Hisar Municipality
"Bitolska" bb
7240 Demir Hisar
Тел/tel: 047 552 661
opstinademirhisar@yahoo.com
www.demirhisar.gov.mk

До
[redacted]

**Предмет:** Доставување на информација од јавен карактер,

Во врска со Вашето барање за пристап до информации од јавен карактер доставено до Општина Демир Хисар преку електронска пошта на 21.02.2020 година, заведено во архива на Општина Демир Хисар на 21.02.2020 година под број 09-250/1, Службеното лице за посредување со информации од јавен карактер на Општина Демир Хисар донесе Решение за позитивен одговор на Вашето барање и врз основа на тоа, Ви ги доставуваме бараните информации:

1. Општина Демир Хисар изработила и усвоила Програма за активностите во обласста на социјалната заштита во 2019 а во неа не е предвидена парична помош или помош во натура конкретно за жртви на семејно насилство за 2019, туку таквите случаи во Програмата се третираат како лица или семејства кои претрпеле социјална криза и за нив е предвидена еднократна парична помош или помош во натура,
2. Општината нема изработено и усвоено други програми, правилници, стратегии и одлуки за помош и поддршка на жртви на семејно насилтсво во 2019 година,
3. Општината нема воспоставено специјализиран сервис за жени жртви на насилстви и семејно насилство во 2019 година, финансирано од буџет на општината,
4. Општината нема дадено дополнителна поддршка во насока на спречување и заштита од семејно насилство за 2019 година.

**Прилог:**

-Решение за позитивен одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер бр.09-250/2 од 24.02.2020 година и

-Програма за активностите на Општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2019 година, бр. 17-12/115 од 21.12.2018 година.

**Напомена:** Во Вашето барање цитирате одредби од закон кој веќе е вон сила. Ве информирам дека во сила е Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, објавен во Службен весник на Република Северна Македонија бр.101 објавен на 22 мај 2019 година.

Срдечен поздрав!!!

**Изработил,**

м-р Игор Дамјаноски, службено лице за посредување со информации од јавен карактер на Општина Демир Хисар

Општина Демир Хисар

Градоначалник

Марјанче Стојановски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општина Демир Хисар

REPUBLIC OF NORTH MACEDONIA
Municipality of Demir Hisar

Бр. 09-250/2
24.02.2019
Демир Хисар

Општина Демир Хисар
"Битолска" бб
7240 Демир Хисар
Demir Hisar Municipality
"Bitolska" bb
7240 Demir Hisar
Тел/tel: 047 552 661
opstinademirhisar@yahoo.com
www.demirhisar.gov.mk

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.101/2019), службеното лице за посредување со информации од јавен карактер на Општина Демир Хисар донесува:

**Р Е Ш Е Н И Е**

**За позитивен одговор на барање за пристап до информации од јавен карактер**

**Член 1**

На ден 21.02.2020 година "[redacted], во својство на барател на информација од јавен карактер, преку електронска пошта до Општина Демир Хисар, во својство на имател на инфомации, достави барање за пристап до информации од јавен карактер, со број 02-1037/20 од 18.02.2020 година.

Барањето е заведено во архивата на Општина Демир Хисар со број 09-250/1 на 21.02.2020 година.

**Член 2**

Поради непостоење на законски пречки, барањето позитивно се одговара и во законски предвиденот рок ќе се достави до барателот на начин и форма кои ги има наведено во барањето.

Составен дел на ова Решение е бараната информација од јавен карактер.

**Член 3**

Решението стапува во сила со денот на неговото донесување.

Службено лице за посредување со информации
од јавен карактер на Општина Демир Хисар
м-р Игор Дамјаноски

Општина Демир Хисар
Градоначалник
Марјанче Стојановски

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

Во акта-Арх. знак: 9/9 1701
Рок на чување: 4 Т 1
28.12.2018 г. Потпис,
8 X

Врз основа на член 22, став 1, точка 7 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 11, став 1 од Законот за социјалната заштита ("Службен весник на РМ" бр. 79/2009), како и член 43, став 1, точка 20 од Статутот на Општина Демир Хисар ("Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 3/02), Советот на Општина Демир Хисар на седницата која се одржа на ден 21.12.2018 година, донесе

# ПРОГРАМА
## за активностите на Општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита во 2019 година

### I. *Појдовна основа*

Остварувањето на социјалната заштита во Општина Демир Хисар во 2019 година се заснова на Законот за локална самоуправа и Законот за социјалната заштита.

Со Програмата поблиску се уредува начинот на остварувањето на социјалната заштита.

### II. *Цели*

Основните цели на оваа Програма се:

- Обезбедување на активен однос на Советот на Општина Демир Хисар кон задоволување на потребите на граѓаните, преку обезбедување на мерки во областа на социјалната заштита;
- Справување со социјалната исклученост на ранливи групи;

### III. *Мерки и активности во остварувањето на социјалната заштита*

Мерките и активностите на Општина Демир Хисар во областа на социјалната заштита ќе бидат насочени кон помагање и поддржување за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

- Доделување еднократна парична помош или помош во натура - ова право можат да го остварат лица или семејства кои што се нашле во положба од социјален ризик заради претрпена природна непогода, епидемија, смрт, подолго лекување или друга социјална криза, како и за повремена помош на одделни биолошки семејства кои се грижат за свои членови - лица со тешки и најтешки пречки во интелектуалниот развој или лица со трајна телесна попреченост, за задоволување на потребите за овие лица.

| Ред. бр. | Активности | Рок | Носител | Предвидени средства | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | Општина Д. Хисар | МТСП | Други извори | |
| 1 | Еднократна парична помош или помош во натура | 12 мес. | Општина Д. Хисар | 700,000,00 | / | / | 700.000,00 |
| | Вкупно: | | | 700,000,00 | / | / | 700,000,00 |

## *IV. Финансиски средства за социјална заштита*

Мерките и активностите во остварувањето на социјалната заштита утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Општина Демир Хисар предвидени за 2019 година.

## *V. Распоредување на буџетските средства*

Содржините предвидени во оваа Програма се финансираат со посебна ставка во Буџетот на Општината Демир Хисар, со напомена дека овие средства во зависност од опфатот на правата во текот на годината може да се менуваат согласно со Одлука на Совет на Општина Демир Хисар.

Дополнителни проекти ќе предлага Комисијата за општествени дејности при Советот на Општина Демир Хисар.

## *VI. Активности поддржувани со други форми на активности*

Во Општина Демир Хисар делуваат здруженија на граѓани чија основна цел е социјализација на маргинализирани групи. Општината Демир Хисар ќе ги поддржи нивните напори за отворање на клубови и ќе вложи напори да обезбеди соодветен простор за нивно делување.

Други форми на активности кои ќе се помагаат со средства од Буџетот на Општина Демир Хисар се:

- Обезбедување стручна, техничка и друга поддршка со кадри и опрема со која располага општината:
- Организирање протоколарни и средби за воспоставување соработка на претставници на општината со потенцијални донатори на проекти од областа на социјалната заштита.

Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на Општина Демир Хисар.

## *VII. Завршни одредби*

Комисијата за општествени дејности го следи реализирањето на оваа Програма, покренува иницијативи, дава мислења и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели и активности.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Демир Хисар".

Бр. 17-12/1/15
21.12.2018 година
Демир Хисар

Совет на општина Демир Хисар
Претседател,
Благоја Станојоски